# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 83 став 3 од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 49/10) министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА СТРУЧНАТА ОСПОСОБЕНОСТ НА ВРШИТЕЛИТЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНА ДЕЈНОСТ И СООДВЕТНАТА ТЕХНИЧКА ОПРЕМА ЗА ВРШЕЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНА ДЕЈНОСТ НА СЕМЕЈНО ЗЕМЈОДЕЛСКО СТОПАНСТВО

## Член 1

Со овој правилник се пропишува стручната оспособеност на вршителите на дополнителна дејност и соодветната техничка опрема за вршење на дополнителна дејност на семејно земјоделско стопанство.

## Член 2

Вршителот на дополнителната дејност на семејно земјоделско стопанство може да врши дополнителна дејност доколку за:
- преработувач на месо и млеко има тригодишно или четиригодишно стручно образование или стручно оспособување за месни и млечни преработки;
- преработувач на жито, брашно, шеќер, леб, бели пецива и кандиторски производи има тригодишно или четиригодишно стручно образование или стручно оспособување од областа на производство на храна или угостителство;
- преработувач на овошје и зеленчук има тригодишно или четиригодишно стручно образование или стручно оспособување од областа на прехрамбената и угостителска насока;
- столар, тапетар - декоратер, резбар има тригодишно или четиригодишно стручно образование или стручно оспособување на дрвната индустрија и шумарската насока преработувач на дрво-дрво преработувачка струка;
- ракувач со кетеринг активности на фарма има тригодишно или четиригодишно стручно образование или стручно оспособување од областа на угостителството, туризмот или земјоделството;
- ракувач со рурален туризам има тригодишно или четиригодишно стручно образование или стручно оспособување од областа на угостителството, туризмот, земјоделството и руралниот развој и
- ракувач на услуги во шумарството и земјоделски машини и опрема има тригодишно стручно или четиригодишно образование или стручно оспособување од областа на механизацијата во земјоделството и шумарството.

## Член 3

Соодветна техничка опрема за вршење на дополнителна дејност е онаа опрема со која располага семејното земјоделско стопанство и кое е во рамките на максималниот обем на дополнителна дејност на семејно земјоделско стопанство утврден со актот со кој се

пропишуваат видовите на дејности кои можат да се вршат како дополнителни дејности на семејните земјоделски стопанства и нивниот обем.

## Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 02-5681/11
15 јули 2010 година
Скопје

Министер,
**Љупчо Димовски,** с.р